# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 23 | Четврток, 13 декември 2007 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**


**Совет на општина Струмица:** **Стр.**

**177.** **Решение** за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност – Струмица ………………………………………………………………………………………………. 2

**Комисија за општествени дејности:**

**178.** **Одлука** за доделување на наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2007 година и Годишна награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2007 година ………………… .. 2

**179.** **Одлука** за доделување награди по распишаниот награден конкурс за литературно - поетски состав, посветен на градот Струмица … …………………………………………………. 3


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Решението за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност - Струмица

1. Се објавува Решението за избор на командир на Полициската станица од

општа надлежност - Струмица, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 13.12.2007 година.

Број 08-5933/2 Градоначалник
13.12.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………….

**176.**

Врз основа на член 24 од Законот за полиција ("Сл. весник на РМ" број 114/06) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 13.12.2007 година, од предложената листа за избор на командир, доставена од Министерството за внатрешни работи – Скопје број 13.4 76274/1 од 16.11.2007 година, донесе

**Р е ш е н и е**

**за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност – Струмица**

1. За командир на Полициската станица од општа надлежност – Струмица, се избира Тони Божиков, со завршен VII степен правен факултат, со 20 години работно искуство во полицијата, а со живеалиште во Струмица с. Дабиле.

2. Ова решение влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-5933/1 Совет на општина Струмица
13.12.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р ум и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………

**178.**

Врз основа на член 10 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), и членовите 2, 4 и 37 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна општинска награда "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици ("Сл. гласник на општина Струмица" број 19/07), Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица на седницата одржана на 05.12.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2007 година и Годишна награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2007 година**

I

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица и Република Македонија, се доделува наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2007 година, посмртно на:

**Борис Трајковски – претседател на Република Македонија**

II.

Годишната награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2007 година како признание на Општина Струмица за посебни остварувања се доделува на:

1. Г-ѓа Мирјана Лазарова-Трајковска – за инзвонредно значаен придонес во унапредувањето и развојот на човековите права;

2. Г-дин Никола Маџиров – за особено значајни достигнувања во областа на литературата;

3. Г-дин Горан Тренчевски - за воздигнување на духовните вредности и културолошко-уметничкото афирмирање и интегрирање на Струмица во Европа и светот.

4. Г-дин Киро Урдин - за исклучителни светски достигнувања во областа на уметноста.

5. Кошаркарскиот клуб “Струмица” од Струмица за врни достигнувања во областа на кошаркарскиот спорт и афирмација на Општина Струмица во земјата и странство.

6. Ловно друштво “Беласица “Струмица” за развој на ловниот спорт, збратимувањето и дружењето со ловни друштва од нашата и соседните земји; и

7. Културно - уметничкото друштво “Тримери” од Струмица за заживување на фолклорните традиции, збогатување на културниот живот и афирмација на општината во земјата и странство.

III

Наградата за животно дело се состои од диплома, плакета и парични средства во износ од четири просечни нето плати исплатени во Република Макдонија во претходната година.

Наградата на физички лица се состои од: диплома, плакета и парични средства во износ од една просечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходната година.

Наградата на правни лица се состои од: диплома и плакета

IV

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-5404/ 70
10.12.2007 год.
С т р у м и ц а

Комисија за општествени дејности
Претседател,
Д-р Слободанка Триводалиева с.р.

……………………..

Комисијата за општествени дејности, при Советот на општина Струмица, на предлог од Комисијата за прочит на лититературните творби од 07.12.2007 година, на ден 10.11.2007 година донесе

**О д л у к а**
**за доделување награди по распишаниот награден конкурс за литературно - поетски состав, посветен на градот Струмица**

Член 1

Наградите се доделуваат во три категории и тоа:

Прва категорија – ученици во основните училишта

Втора категорија – ученици во средните училишта и

Трета категорија – граѓани

Наградите во првата и втората категорија се материјални во книги, а наградите во трета категорија се парични и тоа:

Прва награда во
третата категорија 6000 денари

Втора награда во
третата категорија 4000 денаи и

Трета награта во
третата категорија 2000 денари.

I

Во категоријата – ученици од основните училишта се наградуваат литературно-поетските состави со една прва, две втори и две трети награди и тоа:

Со прва награда – Благица Пецанова - ученичка во Основното училиште “Св.Кирил и Методиј ” од Дабиле

Со втора награда се наградуваат:

Елизабета Моканова - ученичка во Основното училиште “Никола Вапцаров” од Струмица ; и

Лазар Миков - ученик во Основното училиште “Никола Вапцаров” од Струмица

Со третта награда се наградуваат:

Сашко Урдовски - ученичк во ОУ “Маршал Тито” Муртино; и

Софија Галева - ученичка во ОУ “Маршал Тито” Струмица;

II

Во категоријата – ученици од средните училишта се наградуваат литературно - поетските состави и тоа:

Со прва награда: Боркица Трајковска - ученичка во СОУ “Јане Сандански” – Струмица;

Со втора награда: Слободан Јефтимов - ученик во СОУ “Јане Сандански” – Струмица; и

Со трета награда: Николина Козарева - ученичка во СОУ “Јане Сандански” – Струмица

III

Во категоријата “возрасни автори” се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

Со Прва награда во износ од 6000 денари се наградува литературно-поетскиот состав на Ирена Бабамова-Стојчева од Струмица;

Со втора награда во износ од 4000 денари се наградува литературно-поетскиот состав на Наташа Василевска -Трајчевска, од Струмица;

Со трета награда во износ од 2000 денари се наградува литературно-поетскиот состав на Катица Мицева од Струмица.

Член 2

Наградите да се врачат на свечената седница на Советот на општина Струмица на 11 декември 2007 година

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица” .

Број 07-5404/ 71
10.12.2007 год.
С т р у м и ц а

Комисија за општествени дејности
Претседател,
Д-р Слободанка Триводалиева с.р.